# ФЗОРСМ — НАЈСИЛНИ ПОСТИГНУВАЊА И ТОЧКИ ЗА ВНИМАНИЕ

*Состојба на крајот на 2025/26 во споредба со крајот на 2023 година ·*
*Извори: Годишни извештаи на ФЗОРСМ 2024 и 2025, интерни анализи на Позитивната листа и споредбена анализа на здравствениот систем*

| ОБЛАСТ | НАЈСИЛНИ ПОСТИГНУВАЊА (2025 наспроти 2023) | ТОЧКИ ЗА ВНИМАНИЕ |
|---|---|---|
| **ПРИМАРНО ЗДРАВСТВО** | ▪ **Историско зголемување на капитацискиот бод** од 01.04.2025: +33% за општа медицина и гинекологија (75 → 100 ден.) и +23% за стоматологија (61 → 75 ден.) — најголемо во поновата историја на Фондот<br>▪ Вкупната исплатена капитација порасна од 4.287 на 5.194 мил. ден. (+906 мил., +21,1% за две години)<br>▪ Гинекологија во раст: +6 матични гинеколози и +6 договори (142 → 148)<br>▪ Нови превентивни цели кај матичните лекари: рано откривање рак на простата и дебело црево, скрининг на ментално здравје (PHQ), деформитети на 'рбет и крипторхизам кај деца<br>▪ Воведени 4 тима за здравствена заштита во КПУ (2025) | ▪ Одливот на кадар продолжува: −58 матични лекари 2023–2025 (стоматолози −52, општи −12) и −64 договори, и покрај зголеменото финансирање<br>▪ Намалени тимови во здравствените домови: итна помош 273 → 263, патронажа 322 → 303, систематски прегледи и вакцинации 126 → 106, рурален тим 6 → 3 |
| **СПЕЦИЈАЛИСТИЧКО-КОНСУЛТАТИВНА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА** | ▪ Специјалистичка стоматологија: +57 договори (196 → 253, +29%) — најголемо проширување на мрежата<br>▪ Лаборатории: +14 договори (128 → 142); воведен дополнителен месечен надоместок од 40.000 ден. за установи со специјалист по медицинска биохемија<br>▪ Вкупно 541 договори со ПЗУ (+6 во 2025) | ▪ Стагнација кај медицинските дејности (146 договори, исто како 2023)<br>▪ Изразена концентрација во Скопскиот регион (79 од 166 специјалистички тимови);<br>▪ Ревизија на Уредбата за здравствена мрежа |
| **ЈАВНО ЗДРАВСТВО** | ▪ Договорените надоместоци со ЈЗУ пораснаа од 26.243 на 32.486 мил. ден. (+6.244 мил., +23,8%); универзитетските клиники +32,8%<br>▪ Рекордни условни буџети: 4.820 мил. ден. во 2025 (3.489 во 2024, +38%), од кои **4.398 мил. за модерни и иновативни лекови** — најмногу УК за радиотерапија и онкологија (2.400 мил.) и УК за детски болести (1.364 мил.)<br>▪ Обемот на болнички услуги расте: ДСГ случаи 184.829 → 194.230 (+5,1%); кај неоплазмите +9% случаи<br>▪ Ревизија на референтни цени<br>▪ **Зголемени плати во јавното здравство од 22,4%**: +10% (ноември 2024, со зголемување на коефициентите на сложеност), +5% (март 2025, по потпишаната Спогодба МЗ–синдикати) и +6% (март 2026) — кумулативен номинален раст од 22,4%; реално, по одбивање на кумулативната инфлација од ~5,5% (просечна 4,1% во 2025), раст од ≈16%<br>▪ Воведени нови интервенции и здравствени услуги преку условните буџети — современи процедури достапни во јавните установи, без трошок за пациентите | ▪ Сложеноста (CMI) благ раст — потребен понатамошен раст на потешки случаи во јавните болници<br>▪ Просечниот престој речиси непроменет (4,81 → 4,86 дена) |

| ОБЛАСТ | НАЈСИЛНИ ПОСТИГНУВАЊА (2025 наспроти 2023) | ТОЧКИ ЗА ВНИМАНИЕ |
|---|---|---|
| **ПОЗИТИВНА ЛИСТА – АПТЕКИ** | ▪ **Прво суштинско проширување по децениско заостанување**: 11 генерики под мандатот (Prasugrel, Ticagrelor; Nebivolol, Perindopril, Valsartan, Fenofibrate; Escitalopram, Memantine, Duloxetine; Anastrozole, Letrozole) — 11 лека за 15 месеци, буџет +5 мил. евра<br>▪ Rivaroxaban на Позитивна А листа; од 1 јули 2026 Еноксапарин и Надропарин на рецепт наместо преку рефундација<br>▪ Намалена референтна цена на беклометазон/формотерол преку генеричка конкуренција (2.715 → 1.915 ден.) — годишна заштеда ~46–49 мил. ден., пренаменета за нов современ лек<br>▪ Два онколошки лека префрлени од болничка на примарна листа — пациентите повеќе не патуваат до Скопје (~11.000 прегледи годишно помалку само за препис на рецепт)<br>▪ Потрошувачката на антибиотици намалена за 8,5% за две години — сигнал за порационално пропишување | ▪ Фактурираниот износ расте речиси тројно побрзо од бројот на рецепти (+20,7% наспроти +7,9%) — поместување кон поскапи терапии<br>▪ |
| **ОРТОПЕДСКИ ПОМАГАЛА** | ▪ 249.100 издадени помагала (+1,1% во однос на 2023); средства зголемени од 742 на 796 мил. ден. (+7,2%)<br>▪ Широка достапност: 598 договорни аптеки/специјализирани продавници низ сите региони | ▪ Значителен пад кај очните помагала (2.281 → 1.375, −40%), говорните (24 → 7) и ортопедските чевли (−23%) — потребна анализа дали е промена на потреби или на достапност/цени |
| **ДИЈАЛИЗА** | ▪ 251.454 дијализни третмани во 2025 (+5,1% во однос на 2024), во вкупен износ од 1.579 мил. ден.<br>▪ Воведени две нови методи на УК за нефрологија: автоматизирана и континуирана амбулаторна перитонеална дијализа<br>▪ Задолжително следење на индикатори за клиничка успешност по европските протоколи | ▪ Околу 88% од третманите и средствата се во приватните центри — висока зависност од два приватни системи<br>▪ Расходот за дијализа во 2025 (1.377 мил. во структурата на расходи) бара континуиран мониторинг на цената по третман |
| **КАРДИОХИРУРГИЈА** | ▪ Бројот на случаи порасна од 3.136 на 3.620 (+15,4% за две години) | ▪ 88% од реализираните средства се во приватното здравство (Аџибадем Систина, Жан Митрев)<br>▪ УК за државна кардиохирургија со пад на случаи (532 → 284 во 2025) — јавниот капацитет слабее наместо да зајакнува |
| **ОФТАЛМОЛОГИЈА** | ▪ Договорениот надоместок за ПЗУ порасна од 102 на 151 мил. ден. (+48% за две години); влезе нова установа (Промедика)<br>▪ Хоспитализациите за болести на очите порасна за 21,9% (10.684 → 13.020 случаи) — зголемен пристап до катаракта и витреоретинални интервенции | |
| **ПРИРОДНИ ЛЕКУВАЛИШТА** | ▪ Корисници на медицинска рехабилитација: 4.489 → 4.828 (+7,6%)<br>▪ Договорен надоместок од 172 мил. ден. за четирите бањи; расходот за бањи порасна од 127 на 157 мил. ден. | ▪ Ограничен капацитет — само 4 договорни установи; реализација 96% од договореното (165,7 од 172 мил.) |

| ОБЛАСТ | НАЈСИЛНИ ПОСТИГНУВАЊА (2025 наспроти 2023) | ТОЧКИ ЗА ВНИМАНИЕ |
|---|---|---|
| | ▪ Проширени индикации: церебрална парализа кај деца, мултипла склероза, онколошки заболувања кај деца, хемофилија | |
| **ИН ВИТРО (БПО)** | ▪ Законски измени 2025 (Сл. весник 144/2025): право до шести обид за оплодување (претходно три) — реализиран проект од програмата на ВРМ<br>▪ Поедноставена постапка: електронска достава на известувањето, без упат од матичен гинеколог, рок за приговор продолжен од 8 на 15 дена<br>▪ Барањата растат: 1.457 → 1.513, со раст кај второ (+14) и трето дете (+10) | ▪ Реализираните ваучери паднати за 16,6% (1.260 → 1.051) наспроти растот на барањата — да се анализира јазот меѓу одобрување и реализација; ефектите од измените допрва треба да се видат во 2026 |
| **ЛЕКУВАЊЕ ВО СТРАНСТВО** | ▪ Извршени лекувања: 243 → 290 (+19,3%); одбиени барања речиси третина од порано (44 → 17, −61%)<br>▪ Законски измени јули 2025: рок за одлучување скратен од 45 на 30 дена; раздвоени надлежности меѓу првостепената и второстепената комисија<br>▪ Проширен опфат на дијагнози (детска кардиохирургија, ТОАРИЛ) | ▪ Средствата порасна за 44% (335 → 483 мил. ден.); просечниот трошок по лекување +21% (1,38 → 1,67 мил.)<br>▪ Висока концентрација кон Турција (160 од 290 лекувања) — прашање на диверзификација и договорни цени |
| **РЕФУНДАЦИИ** | ▪ Исплатени 87,5 мил. ден. (+12,5% во однос на 2023) — правото се остварува тековно<br>▪ Стратешко решение во тек: префрлање на најчестите рефундирани лекови (Еноксапарин, Надропарин) на рецепт од 1 јули 2026, со што потребата од рефундација структурно се намалува | ▪ 25.353 барања за рефундација на лекови годишно — обемот останува индикатор за недостапност на лекови и материјали во установите |
| **НАДОМЕСТ БОЛЕДУВАЊА И ПОРОДИЛНИ БОЛЕДУВАЊА** | ▪ Исплатата се врши тековно и без доцнења<br>▪ Бројот на боледувања намален за 6,2% (26.173 → 24.545); стапката од 43 на 41 на 1.000 вработени осигуреници<br>▪ Контролите на боледувања двојно зголемени (488 → 980 во 2025) — засилена заштита од злоупотреби | ▪ Исплатениот износ за боледувања +46,6% (1.167 → 1.710 мил. ден.) — просечниот трошок по боледување +56% за две години, главно поради растот на платите како основица<br>▪ Породилните средства +26% (3.528 → 4.443 мил.) при пад на бројот на права (−2,7%) — демографскиот тренд продолжува |
| **ИНСТИТУЦИЈА** | ▪ Буџетот на Фондот порасна од  на 55,9 милијарди ден. (+9,6 милијарди од 46.3 милијади во 2024 +21% за две години)<br>▪ Од 45-то на 1-во место најтранспарентна институција во државата (Извештај на АСПИЈК)<br>▪ Поголем обем со помал апарат: −29 вработени (797 → 768) при +465 договорни ПЗУ (3.716 → 4.181)<br>▪ Контролната функција засилена: 7.428 → 7.844 контроли<br>▪ Нова визија: Фондот како стратешки купувач на здравствени услуги; воспоставен модел на комуникација „ден за ден“ со медиумите; 25 години јубилеј<br>▪ Воведени дигатални услуги | ▪ Реорганизација врз основа на функционалната анализа<br>▪ Натамошна дигитализација<br>▪ Нови извори на финансирање |

| ОБЛАСТ | НАЈСИЛНИ ПОСТИГНУВАЊА (2025 наспроти 2023) | ТОЧКИ ЗА ВНИМАНИЕ |
| --- | --- | --- |
| | ▪ Реализирани клучни проекти од програмата на ВРМ: капитација и БПО; е-рецепт во тек (над 50% реализација)<br>▪ Растот на функционалните расходи произлегува од зголемувањето на платите на вработените во Фондот по штрајкот во 2024 година — платите учествуваат со 75,6% во функционалните расходи, кои остануваат само 1,61% од вкупните расходи | |